**ЗАПИСНИК**
**од 12-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 23.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, Милаим Абдураими и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Сања Јовановиќ Дамјановски од ТВ Телма.

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.02.2018 година.

2. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи за радиодифузери.

3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола на радиодифузери.

4. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за полагање на испити за добивање сертификат за внатрешен ревизор.

5. Разно.

**Точка 1**

Г-динот Петрушевски објасни дека предложениот записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.02.2018 година, од технички причини не е изработен, од причина што нема можност за помалку од 24 часа да се подготви. Предложи записникот да се одложи за нареден период кога ќе има продолжение на 12-та седница во текот на наредната седница.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски кратко ги образложи Предлозите за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи на тројцата радиодифузери при што информира дека сите радиодифузери го платиле годишниот надоместок во целост и од таа причина се предлага до Советот да ги запрат покренатите постапки.

Г-дин Петрушевски рече дека како и за сите претходни постапки така и за овие го поздравува уплаќањето на средствата од страна на радиодифузерите, а потоа рече како што се постапувало и на претходните седници, за секој радиодифузер поединечно ќе се гласа.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-68 од 23.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.08-58 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 85.696,00 (осумдесетипетилјадишестотинидеведесетишест) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-69 од 23.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 104.117,00 (стоичетириилјадиистоиседумнаесет) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-66 од 23.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 517.463,00 (петстотинииседумнаесетилјадиичетиристотини ишеесетитри) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување. Објасни дека до Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ. Агенцијата доставила фактура за годишен надоместок за вршење радиодифузна дејност, но во законски утврдениот рок, радиодифузерот не го платил надоместокот.

Г-дин Петрушевски појасни дека доколку Советот ја донесе Одлуката, радиодифузерот ќе има шанса во наредните 15 дена да ја изврши уплатата на средствата и побара од Стручната служба да го информира радиодифузерот точно кога е датумот, односно истекот на 15-тиот ден.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-93 од 23.02.2018 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-910/1 од 23.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена (петнаесет) од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“

бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот го има во материјалите и дека нема да бара посебно образложение. Ваквите случаи се секогаш поддржувани, кога вработените имаат намера стручно да се усовршуваат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-838/2 од 23.02.2018 година и да даде одобрение директорот на Агенцијата, да донесе Одлуката со која се одобруваат финансиски средства за полагање на два испити за добивање сертификат за внатрешен ревизор, кој го издава Институтот за внатрешни ревизори (The Institute of Internal Auditors), со седиште во Соединетите Американски Држави, во вкупен износ од 510 (петстотиниидесет) долари од кои: 280 (двестеиосумдесет) долари за полагање на испит за сертификат за внатрешна ревизија (прв дел) и 230 (двестеитриесет) долари за полагање на испит за сертификат за внатрешна ревизија (втор дел), на Милаим Абдураими, Раководител на Одделението за внатрешна ревизија во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што е предложена одлуката.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-904/7

26.04.**2018 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**